# В Е Ш Т А Ч Е Њ Е

за

висина на штета
**на ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI” со рег.број SK-XXXX-YYY**

**Адвокат:** XXXX YYYY од Скопје
**Настан:** Сообраќајна незгода која се случила на ден 27.11.2020 год. во $19^{45}$ часот во Скопје при што е оштетено ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI” со рег.број SK-XXXX-YYY, во сопственост на М И од Скопје

Вешто лице:

Ред.проф.д-р Весна Ангелевска

__________________________________

Март, 2024 год.
Битола

Постапувајќи според барањето на адвокат XXXX YYYY од 11.03.2024 год. за изработка на машинско вештачење за утврдување на висината на штета на ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI” со рег.број SK-XXXX-YYY, во сопственост на М И од Скопје, со место на живеење во Град Скопје, Општина Бутел, на улица „ААААА” број ББББ, кое било оштетено во сообраќајна незгода која се случила на ден 27.11.2020 год. во $19^{45}$ часот во Скопје, како и детална анализа на целокупнатa документација доставена од Адвокатот (Записник за извид и процена на штета по Автоодговорност од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје, број на штета 1917/SK/20АО; Сообраќајна дозвола број МК 0419714 издадена од МВР Скопје; Понуда од Порше Македонија од 11.03.2024 год. за набавка на оригинални делови за ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI”, произведено 2002 год.; Наод и мислење од областа на машинство од М3 Вештачења и Консалтинг, изработено од страна на м-р Марјанчо Величковски, вешто лице од областа на машинство и сообраќај; Фото-документација изработена од страна на увидната екипа и др.) и според моето истражување и стручно знаење го давам следниот:

# НАОД

Патничкото моторно возило марка „Seat Ibiza 1.4TDI” со рег.број SK-XXXX-YYY, во сопственост на М И од Скопје, со место на живеење во Град Скопје, Општина Бутел, на улица „ААААА” број ББББ, е оштетено во сообраќајна незгода која се случила на ден 27.11.2020 год. во $19^{45}$ часот во Скопје.

**Основни податоци за патничкото моторно возило „Seat Ibiza 1.4TDI”:**

**Регистарска ознака:** SK-XXXX-YYY
**Вид:** патничко
**Марка:** Seat Ibiza
**Тип:** 6L 1.4TDI
**Број на шасија:** VSSZZZ6LZ3R040070
**Категорија и вид на возило:** М1 – патничко
**Година на производство:** 2002 год.
**Прва регистрација во РСМ:** 21.06.2012 год.
**Моќност на моторот:** 55 [kW]
**Работен волумен на моторот:** 1422 $cm^3$
**Тип и број на мотор:** AMF/188420
**Вид на гориво:** Дизел
**Број на места за седење:** 5
**Боја:** плава / 91

Според записник за извид и процена на штета по Автоодговорност од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје, број на штета 1917/SK/20АО, за датум на штета од 27.11.2020 год. и датум на преглед на возилото на 03.12.2020 год. за оштетувања на возилото, утврдено е:

**Делови за замена:**

1. Преден браник;
2. Носач од преден браник 50% ТА;
3. Предна украсна маска;
4. Лев и десен фар;
5. Преден капак – хауба 50% ТА;
6. Ладилник за клима 50% ТА;
7. Ладилник за мотор (вода со антифриз) 50% ТА;
8. Лев и десен вертикален носач – рог 50% ТА;
9. Интеркулер 50% ТА;
10. Челен костур ПВЦ;
11. Везен лим горен ПВЦ со маска;
12. Предно ветробранско стакло;
13. Airbag – воздушно перниче од кај возач;
14. Airbag – воздушно перниче од кај совозач;
15. Сигурносен појас од возачко и совозачко седиште;
16. ПВЦ под мотор – преден дел;
17. ПВЦ лево поткрило;
18. Модул за ладење;
19. Магленки предни, лево и десно;
20. Казанче за течност за стакла;

**Делови за поправка:**

1. Предно лево и десно крило СО;
2. Контрола на предница;
3. Предна лева и десна врата ЛО;
4. Исправување на држачи ЛО;
5. Искривен клуч.

Од анализа на цените на оригиналните делови за замена потребни се 404,735.00 денари, или околу 340,000.00 денари со пресметана техничка амортизација на металните делови, и ако се додаде цената за работна рака и потрошен материјал за поправка на возилото минимум се потребни 400,000.00 денари, а имајќи ја во предвид староста на возилото на денот на штетниот настан во продолжение е дадена пресметка за висината на штетата со примена на трошковна метода, според Прирачник за одредување на штети кај возилата.

**1. Вредност на возилото врз основа на староста и погонскиот учинок**

Новонабавната вредност на конкретното возило според каталог изнесува 882,167.00 денари (14,300.00 евра во денарска противвредност).

Според сообраќајната дозвола возилото е произведено во 2002 година, но истото во РСМ прв пат е регистрирано на 21.06.2012 год.

Според сообраќајната дозвола возилото е произведено во 2002 година, но со оглед дека во ниту еден од достапните официјални документи во документите не е наведен месецот на производство, во согласност со одредбите од Прирачникот како датум на призводство се зема средината на годината на производство, односно 1 јули 2002 година.

Според тоа, возилото во моментот кога се случила незгодата, на ден 27.11.2020 год. година било во експлоатација 18 години, 4 месеци и 27 дена, односно 18 години и 5 месеци.

Според Прирачникот, табела 8, предвидениот век на траење на овие возила е 10 години, за секој нареден месец се одзема 0.2% од вредноста, но не повеќе од 10%, и по основ на старост на возилото, вредноста на возилото е 10 % од новонабавната вредност на возилото.

Конкретното возило е постаро од 10 години и во недостаток на материјален доказ за бројот на изминати километри на денот на штетниот настан не се прави корекција за повеќе или помалку изминати километри.

## 2. Општа состојба на возилото

При проценување на општата состојба на возилото се врши визуелен преглед на истото, при што се гледаат: состојбата на бојата на возилото и надворешноста, траги на корозија, состојба на бандажите и пневматиците, надворешен изглед на моторот и пратечките делови и се констатира општата состојба на возилото која може да биде лоша, просечна и натпросечна. Во зависност од увидот, претходно пресметаниот процент може да се намали или зголеми до ±10 %, табела 2 од Прирачник за критериумите за проценка на штета на возилата.

Според извршениот увид во фото-документацијата, за општата состојба на возилото усвојувам + 6 %.

## 3. Број на претходни сопственици и начин на експлоатација

Во зависност од начинот на експлоатација и целите на користење на возилата – за обука на возачи, рент-а-кар, потоа користење на возилото во необични експлоатациони услови, на лоши патишта и терени, или поради бројот на претходни сопственици и сл. според Прирачникот, се предвидува корекционен фактор од 0 до – 10 %.

Возилото според податоците во сообраќајната дозвола во државата е увезено и регистрирано на ден 21.06.2012 год., и од увозот до денот на штетниот настан имало еден сопственик – физичко лице. Истото било редовно сервисирано и превентивно одржувано. Во однос на начинот на експлоатација на возилото усвојувам корекционен фактор од 0 %.

## 4. Инвестициони вложувања

Со поголеми инвестициони вложувања во возилото неговата општа состојба може доста да се подобри и на тој начин истото да ја зголеми својата реална пазарна вредност (замена на мотор, кабина, школка, шасија и др.).

Во зависност од висината на инвестициите, како и од изминатото време од моментот кога се извршени инвестиционите активности, корекцијата на вредноста на возилото може да изнесува и до 5% од вредноста на возилото. Извршеното инвестиционо вложување се докажува со соодветна документација.

Во овој случај не постои документација, па поради тоа вредноста на овој процент го усвојувам 0 %.

## 5. Понуда и побарувачка на пазарот

Понудата и побарувачката изразена преку промената на цената на пазарот имаат големо влијание на пресметката на вредноста на возилото. Овој фактор зависи од местото, времето и условите на продажба на нови возила, и ја корегира утврдената вредност на возилото до ±10% од цената на ново возило.

Според понудата и побарувачката на пазарот, и постарите моторни возила марка „Seat Ibiza 1.4TDI“ поради брендот на производот и квалитетот се ценети и барани во земјата. Ако се земе во предвид марката на возилото, неговата старост во моментот на случувањето на незгодата, вредноста на овој тип на возило и нивната побарувачка и понуда (според пребарувања на повеќе интернет страници), согласно овој критериум ја зголемувам вредноста на возилото + 6 %.

Согласно претходно наведеното, на следниот начин ја проценувам вредноста на возилото, согласно критериумите за процена на штети на моторното возило (Табела 1):

*Табела 1: – Вредност на возилото според повеќе критериуми изразена во проценти од вредноста на новонабавната вредност на возилото*

| Критериум | | Поединечно [%] | Кумулативно [%] |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | Вредност на возилото по основ старост на возилото | 10.0 | 10.0 |
| 1.1. | $K_m$ – корекција (од – 10 % до +10 %) | 0.0 | 10.0 |
| 2. | Општа состојба на возилото (од – 10 % до +10%) | 6.0 | 16.0 |
| 3. | Начин на експлоатација на возилото (од 0 до – 10 %) | 0.0 | 16.0 |
| 4. | Инвестициони вложувања (од 0 до +5%) | 0.0 | 16.0 |
| 5. | Понуда-побарувачка-цена на пазарот (од 0 до +10%) | + 6.0 | 22.0 |
| **Вкупно во однос на новонабавната вредност на возилото во [%]:** | | | **22.0** |

**Вистинската вредност на возилото по сите основи изнесува 22.0 % од новонабавната вредност на возилото или 0.22 x 882,167.00 = 194,077.00 денари.**

## 6. Утврдување на вредноста на неоштетените делови

При пресметка како тотална штета, максималната вредност на зачуваните делови изнесува 40 %, но оваа вредност може да се намали или зголеми за дополнителни 10 % согласно факторите на корекција и видот на оштетувањата.

Вредноста на корисните остатоци – спасени делови изразена во проценти која јас како вешто лице ја усвојувам, врз основа на извршениот увид во фото-документацијата и Записникот за извид и процена на штета по Автоодговорност од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје, е вкупен процент на остатоци од 27.9 %, детално опишано во следната табела, Табела 2.

***Табела 2: Вредност на корисните остатоци од патничкото моторно возило – спасени делови***

| Корисни остатоци од возилото – спасени делови | | Опсег во зависност од состојбата и степенот на оштетување [%] | Утврдено [%] |
|---|---|---|---|
| **1.** | Мотор | од 5 до 20 | 10 |
| **2.** | Менувач | од 2 до 8 | 3 |
| **3.** | Предно врзување | 1 или 2 | 1 |
| **4.** | Задно врзување | 1 или 2 | 1 |
| **5.** | Механизам за управување | до 2 | 0.5 |
| **6.** | Тркало комплет | 0.5 по парче | 2 |
| **7.** | Преден капак | до 1 | 0 |
| **8.** | Заден капак | до 0.5 | 0.5 |
| **9.** | Врата (и петта врата) | од 1 до 2 по парче | 5 |
| **10.** | Предно стакло | 1 | 0 |
| **11.** | Задно стакло | до 2 | 1 |
| **12.** | Предно седиште | 0.2 по парче | 0.4 |
| **13.** | Задно седиште | 0.2 цело | 0.2 |
| **14.** | Преден и заден браник | 0.3 по парче | 0.3 |
| **15.** | Останато | од 1 до 8 | 3 |
| | **Вкупно во однос на утврдената вредност на возилото на денот на штетата во [%]:** | | **27.9** |

Вкупната вредност на останатите делови изнесува 194,077.00 x 0.279 = 54,147.00 денари. Ако од вредноста на возилото ја одбиеме вредноста на останатите делови, ја добиваме сумата која треба да се исплати за штетата пресметана како тотална штета на возилото. Во конкретниот случај оваа вредност изнесува: 194,077.00 – 54,147.00 = 139,930.00 денари.

<u>Врз основа на горенаведената детална анализа на вкупната материјална штета која што треба да биде исплатена, настаната врз возилото од критичниот настан, треба да биде пресметана како тотална штета и истата изнесува 139,930.00 денари.</u>

# МИСЛЕЊЕ

Патничкото моторно возило марка „Seat Ibiza 1.4TDI” со рег.број SK-XXXX-YYY, во сопственост на М И од Скопје, со место на живеење во Град Скопје, Општина Бутел, на улица „ААААА” број ББББ, е оштетено во сообраќајна незгода која се случила на која се случила на ден 27.11.2020 год. во $19^{45}$ часот во Скопје.

Според записник за извид и процена на штета по Автоодговорност од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје, број на штета 1917/SK/20AO, за датум на штета од 27.11.2020 год. и датум на преглед на возилото на 03.12.2020 год. за оштетувања на возилото, утврдено е:

**Делови за замена:** Преден браник; Носач од преден браник 50% ТА; Предна украсна маска; Лев и десен фар; Преден капак – хауба 50% ТА; Ладилник за клима 50% ТА; Ладилник за мотор (вода со антифриз) 50% ТА; Лев и десен вертикален носач – рог 50% ТА; Интеркулер 50% ТА; Челен костур ПВЦ; Везен лим горен ПВЦ со маска; Предно ветробранско стакло; Airbag – воздушно перниче од кај возач; Airbag – воздушно перниче од кај совозач; Сигурносен појас од возачко и совозачко седиште; ПВЦ под мотор – преден дел; ПВЦ лево поткрило; Модул за ладење; Магленки предни, лево и десно; Казанче за течност за стакла.

**Делови за поправка:** Предно лево и десно крило СО; Контрола на предница; Предна лева и десна врата ЛО; Исправување на држачи ЛО и искривен клуч.

Од анализа на цените на оригиналните делови за замена потребни се Од анализа на цените на оригиналните делови за замена потребни се 404,735.00 денари, или околу 340,000.00 денари со пресметана техничка амортизација на металните делови, и ако се додаде цената за работна рака и потрошен материјал за поправка на возилото минимум се потребни 400,000.00 денари, а имајќи ја во предвид староста на возилото на денот на штетниот настан во наодот е дадена детална пресметка за висината на штетата со примена на трошковна метода, според Прирачник за одредување на штети кај возилата.

Новонабавната вредност на конкретното возило според каталог изнесува 882,167.00 денари (14,300.00 евра во денарска противвредност). Според сообраќајната дозвола возилото е произведено во 2002 година, но истото во РСМ прв пат е регистрирано на 21.06.2012 год.

Според сообраќајната дозвола возилото е произведено во 2002 година, но со оглед дека во ниту еден од достапните официјални документи во документите не е наведен месецот на производство, во согласност со одредбите од Прирачникот како датум на призводство се зема средината на годината на производство, односно 1 јули 2002 година.

Според тоа, возилото во моментот кога се случила незгодата, на ден 27.11.2020 год. година било во експлоатација 18 години, 4 месеци и 27 дена, односно 18 години и 5 месеци.

Според Прирачникот, табела 8, предвидениот век на траење на овие возила е 10 години, за секој нареден месец се одзема 0.2% од вредноста, но не повеќе од 10%, и по основ на старост на возилото, вредноста на возилото е 10 % од новонабавната вредност на возилото.

Конкретното возило е постаро од 10 години и во недостаток на материјален доказ за бројот на изминати километри на денот на штетниот настан не се прави корекција за повеќе или помалку изминати километри.

**Вистинската вредност на возилото по сите основи изнесува 22.0 % од новонабавната вредност на возилото или 194,077.00 денари, детално опишано во наодот во Табела 1.**

Вредноста на корисните остатоци – спасени делови изразена во проценти, која јас како вешто лице ја усвојувам врз основа на извршениот увид на целокупната документација и деталната анализа опишана во Табела 2 од наодот, е вкупен процент на остатоци од 27.9 % од вредноста на возилото на денот на штетниот настан.

Вкупната вредност на останатите делови изнесува 54,147.00 денари. Ако од вредноста на возилото ја одбиеме вредноста на останатите делови, ја добиваме сумата која треба да се исплати за штетата пресметана како тотална штета на возилото. Во конкретниот случај оваа вредност изнесува 139,930.00 денари.

**Врз основа на горенаведената детална анализа за пресметка на висината на штета на ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI" со рег.број SK-XXXX-YYY која што треба да биде исплатена, истата треба да биде пресметана како тотална штета која изнесува 139,930.00 денари.**

**Прилог:** Фотографии

Битола,
23.03.2024 год.

Ред.проф.д-р Весна Ангелевска

## Слики од оштетувањето на возилото



**Сл.1:** ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI” – преден лев дел



**Сл.2:** ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI” – преден десен дел



**Сл.3:** Заден дел од ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI”



**Сл.4:** Внатрешен дел на ПМВ „Seat Ibiza 1.4TDI" – активирани воздушни перничиња



**Сл.5:** Внатрешен дел на ПМВ „Seat Ibiza 1.4TDI" – сигурносни појаси



**Сл.6:** Оштетувања на предно ветробранско стакло од ПМВ марка „Seat Ibiza 1.4TDI"